Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), Министерот за транспорт и врски на ден ________.2017 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за транспорт и врски

### Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за транспорт и врски број 01-1940/2 од 23.02.2016 година и број 01-11961/1 од 15.09.2016 година, и тоа во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски“ работното место со реден број 244- Помлад соработник за ИПА мониторинг на рамковни договори во одделение за ИПА мониторинг во Сектор за Европска Унија се брише и на негово место се додава ново работно место кое гласи „Соработник за ИПА мониторинг на рамковни договори во одделение за ИПА мониторинг “ со следниот опис:

| | |
|---|---|
| **Реденброј** | 244 |
| **Шифра** | УПР 01 01 В03 000 |
| **Ниво** | Стручно административен – III ниво (В3) |
| **Звање** | Соработник |
| **Назив на работно место** | **Соработник за ИПА мониторинг на рамковни договори** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделението |
| **Вид на образование** | Наука за јазикот или Наука за книжевноста |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Спроведува одредени функции од делогруг на одделението и извршува едноставни работи и задачи од обласа на мониторинг на имплементација на проектите финансирани од ИПА |
| **Работни задачи и обврски** | - Помага во подготовка на материјали и учествува во редовните состаноци за мониторинг на прогресот на имплементација на проектите ко-финансирани од ИПА со сите заинтересирани страни; помага во подготовка на материјали и учествува во состаноци на Секторскиот комитет за |

| | |
|---|---|
| | мониторинг на прогресот на имплементација на проектите ко–финансирани од ИПА со сите заинтересирани страни; помага во подготовка на месечно ниво Обрасци за мониторинг над имплементацијата на проектите; изработува план за мониторинг за договорите и годишен план за мониторинг<br>- Дава свој придонес во годишните и завршните извештаи за имплементација на проектите во рамките на Оперативната програма за регионален развој и Оперативната програма за транспорт<br>- Ги чита и одобрува извештаите од изведувачите; ги одобрува и ја потврдува точноста на извештаите од консултантите; ги одобрува и ја потврдува точноста на трошоците кои ги побарува изведувачот; ги проверува, корегира и ја потврдува точноста на фактурите и времените барања за исплата доставени од изведувачите и консултантите<br>-Врши проценка на ризикот на проектите; врши мониторинг на физичкиот прогрес на имплементација на проектите<br>-Учествува во работните групи од Претпристапната програма за членство во Европска Унија, а особено во поглавјето 21-Трансевропски транспортни мрежи и поглавјето 22-Регионална политика и координација на структурните инструменти<br>-Учествува во подготовката на стручни анализи, информации и други материјали за работни тела;<br>- Дава предлози за планот за работа на одделението и извештај за напредокот во делокругот на неговата работа;<br>-Врши работи и задачи во работните тела од надлежност на секторот односно министерството;<br>- Предлага, планира и учествува во реализацијата на обуки за државните службеници од министерството во врска со ЕУ; ги почитува и применува постапките и |

| | |
|---|---|
| | другите акти донесени од министерството; ги следи и применува прописите од областа во која работи, вклучувајќи ги и меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала |

**Член 2**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во " работното место со реден број 248 кое гласи Виш соработник за преговори и интеграција во одделение за преговори и интеграција во Сектор за Европска Унија" во делот вид на образование зборовите„ Економски или Правни науки" се заменуваат со зборовите „Науката за јазикот, Наука за книжевноста или Економски науки".

**Член 3**

Согласно горенаведените извршени измени и дополнување во описниот дел на Правилникот за систематизација на работните места соодветно се вршат измени и дополнување на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. / 01-5667/1
13.06.2017година
Скопје

МИНИСТЕР
ГОРАН СУГАРЕСКИ

**Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација број 12/6-1793/2 од *15.06.2017 година***